**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од II продолжението на**
**Четиринаесеттата седница на**
**Собранието на**
**Република Македонија,**
**одржано на 16 април 1999 година**

Седницата се одржа во Владата на Република Македонија, Голема сала, со почеток во 11,30 часот.

Со продолжението на седницата претседаваше господинот Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа,

Продолжуваме со работа.

Пратеаниците Радимла Шеќеринска, Љубомир Поповски, Ѓорги Спасов, Благој Ханџиски и Чедомир Краљевски, ме известите дека од орпавдани причини не се во можност да присустувват на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собрнаието и дека Собрнаието може полноважно да одлучува.

Како што Ве известив, оваа седница ќе ја продолжиме со разгледување на Интерпелацијата за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за надворешни работо Александар Димитров.

Интерпелацијата Ви е доставена во писмена форма.

Отворам претрес.

Молам еден од подносителите да ја образложи Интерпалацијата,

Има збор пратниекот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитуван господине министре, колеги пратеници,

Дозволете ми во името на Пратеничката груна на СДСМ да дадам образложение за причинтие за поднесувањето на Интерпелацијата за работата на членот на Владата на Републиак Македонија и минситер за надворешни работи г-динот Александар Димиторв.

Пратеничката група на СДСМ Интерпелацијата за работа на г.Димитров ја поднесе на 5 февруари 1999 година, значи пред дваипол месеци. Интерпелацијата ја поднесовме уверени дека г.Алесандар Димитров министер за надворешни работи на Република Македонија и член на Владата сноси лична и конкретна одговорност за своите посапки со кои грубо го повреди угледот и достоинството на Република Македонија, на македоснкиот народ, го наруши кредибилитетот на Република Македонија во меѓународните односи и ја доведе Македонија во непријатна безбедносна ситуација.

Господинот министер, како прво потпиша протокол за воспоставување на дипломатски односи ектериторијата Тајван наспроти тоа што Република Македонија имаше воспоставено во тој момент дипломатски односи со Народна Република Кина уште на 12 октомври 1993 година.

Со актот за воспоставување на дипломатските односи е признаена територијалната целокупнсот на Народна Република Кина а со тоа и територијата Тајван како нејзин составен дел. Со чинот на признавње на оваа територија годподинот минситер постапи спротивно на веќе земени обврски на Република Македонија содржани во заедничкото коминике на претседателите на Народна Република Кина и Република Македонија од 9 јуни 1997 година, според кој Македонија "Македонија признава дека има само една Кина во Светот дека Тајван е неотуѓив дел на Кина и дека Владата на НР Кина е единствена легална Влада која го претставува целиот кинески народ"

Со тоа коминике потпишано од двајцата претседатели пред една ипол година Македонија се обврза да не стапува во официјални односи, ниту да одржува официјални контакти со Тајван.

Минситерот Димиторв е одговорен затоа што еден ваков значен акт со кој се обврза Македонија како држава и кој има импликации врз нејзината меѓународна положба го има потпишано спротивно, по наше видување, на членот 119 од Уставот, член 10 од Законот за склучување ратификации и извршување на меѓународните договори. Овој чин е извршен во целосна тајност со методи кои ги сметаме за непримерни во меѓународната дипломатија и без занење на претседателот на Републиката, како и без одлука на Владата на Република Македонија донесена како што треба претходно, пред да се потпише актот, за што на повеќе наврати укажувавме во други расправи во ова Собрание.

Во членот 10 од Законот е споменато и децидно се вели "Со

Предлогот за водење на разговорите и со Нацртот на Договорот се запознава Претседателот на Републиката", кој во своето излагање пред пратениците децидно потврди дека не бил запознат.

Сметаме дека со овој чин Република Македонија се доведе во понижувачка положба пред меѓународната јавнсот. Ризикувано беше и доведено во прашање во тоа време пријателството со Народна Република Кина, која ние знаеме е меѓу првите членки, и како постојан член на Советот за безбедност ја призна Република Македонија под нејзиното уставно име и на некој начин ја прономираше во меѓународната јавност. Со овој чин Македонија исто така се доведе и во непријатна безбедносна ситуација, затоа што на предупредувањето од нашата пратенкиичка група дека тоа може да значи конечно напуштање на поддршката што ја даваат Обединетите Нации на Македонија за Мисијата на УНРЕДЕП може да биде непријатна епизода, господинот минситер не уверуваше дека Кина нема тоа да го направи, да стави вето. Стварноста покажа дека Кина на крајот на февруари, кога завршуваше мандатот на УНПРЕДЕП Народна  Република Кина го искористи своето право на вето и ја доведе Македонија во ситуација да биде пвoлечена Мисијата на УНПРЕДЕП.

Сметаме дека ваква погрешна проценка не би требало да има во едно Минситерство за надровешни работи.

Дозволете ми во тој контекс да цитирам две изјави, една од  г.министер дадена на 25.02.1999 година и една од Амбасадорот на Република Македонија во Обединетите Нации, Чаловски, кој е службеник на Минситерствоот за надрворешни работи по пвод ветото на Кина. Работи кои требаше претходно да се претпоставаат.

Имено, Г.амбасадор во своеето обраќање пред  Советот за безбедност при расправата за повлекувањето на УНПРЕДЕП од Македонија изјави: "можноста од крвава војна мора да се земе многу сериозно", во контекст ако се повлече УНПРЕДЕП од Македонија.  Тоа не е проценка на Пратеничката група на СДСМ , туку на Министерството за внатрешни работи, чии ставови се надевам ги изнесува господинот Амбасадор во Њујорк. Значи ако се имала предвид можнсота од крвава војна не требало да дојде до признавањето на Република Тајван.  И истиот ден изјава на г.Димитров дадена на пладневниот дневник на Македонското радио во 15,30 часот, после донесувањето на Одлуката на Советот за безбедност за повлекување на УНПРЕДЕП:"Мирот и безбедноста се веќе многу кревки тука". Тоа"тука" се однесува на Република Македонија Значи минситерот екпост самиот констатира дека со Одлуката за признавање на Тајван Македонија е доведен во позиција да мирот и безбедноста се веќе многу кревки тука. Сметаме дека за ова исто така сноси одговорност.

Она што дополнително сакам да го кажам со настаните во Косово се потврдува дека Мисијата на УНПРЕДЕП преку признавњето на Тајван смислено или ненамерно е повлечена од Република Македонија во моментите кога најмногу и требаше. Вие се сеќавате дека таа прво влезе во Македонија како Мисија на УНПРОФОР, по влегувањето на Македонија во ОН, после се применува во УНПРЕДЕП, како независна Мисија и во моментите кога најмногу и е потребно на Македонија со овој непромисле чекор на министерот за надворешни работи таа Мисија ја напушти Македонија, за што сметаме дека сноси лична одговорност.

Второ, Министерот Александар Димитров, сметаме дека сноси вина или одговорност кога за кусо време од неговиот мандат покажа крајна несособност за одбрана на Македонското национално достоинство со тоа што без коментар ја проследи изјавата на тогашниот министер за надворешни работи на Република Грција дадена за време на Конференцијата за Печат во Скопје, на која присуствуваше и г.Димиторв и во која беше изјавено: "во Грција не постои македонсќо национално малцинство"и дека организацијата на Македонците Виножито, која се бори за правата на Македонците во Егејска Македонија е;"Коалиција на Славомакедонци, Сталинисти и Хомосексуалци". Со оглед дека оваа тема беше веќе експлоатирана во јавноста неме дополнително да ја елаборираме, само ќе напоменеме дека ова беше премолчено, проследено од страна на минситерот на Владата на Републиака Македонија.

Исто така сметаме дека пропусти во работата на г.министер се пројавуваат и во односите со Република Бугарија, Прво, како одговорен минситер за работата на органот со кој раководи, како и за целокупната состојба во органот, Министер Ство то за надворешни работи покажа дека не може доследно да го штити интересот со тоа што дозволи како надлежен раководител  на Органот заменикот министер за надворешни работи

на Република Бугарија, г.Марш Рајков за време на зедничката пресконференција со неговиот колега замеником на г.Димитров грубо го омаловажи Македонскиот казик пласирајќи ставови за неговата идентичност со Бугарскиот јазик наредувајќи и пред сите новинари на официјалната преведувачка, за што бевме сведоци на телевизиските екрани да престане да повторува по него, затоа што во Македонија сите разбираат бугарски. Целта беше да се апострофира дека јазиците се исти.

Понатаму, како резултат на ваквите изјави следуваше и потпишувањето на договорите, за што вчера елабориравме. Посебно во кои Македонскиот јазик беше сведен на јазик кој уставно постои, кој не е јазик кој природно постои во Република Македонија. Тој постои само како јазик инаугуриран со Уставот на Република Македонија, меѓутоа не и поинаку.За тоа господа гтртеници дискутиравме вчера повеќе време и ќе дозволите да не ја продолжуваме таа расправа.

Четврто, сметаме дека г.министер како министер за надворешни работи во време кога Македонија се соочи со воена опасност од северната страна наместо да почне да води политика која ќе ја стави Македонија во подобра безбедносна ситуација со бегалците и со воената агресија, започна да води погрешна камања за прием, итен прием на Македонија во Европската Унија и НАТО, со што исто така направи една погрешна проценка во која изгубивме драгоцено време.

Петто, сметаме дека политикаа која се водеше, а делумно и сеуште се води наспроти проблемот со кој се соочи Македонија, со бранот на бегалци од Република Косово, исто така изнесе на површина неспособност на Министерството за надворешни работи да се соочи со вистинските проблеми и невозмжност да се убеди меѓународната јавност.

Прво, дека Република Македонија има тежок проблем со бегалците од Сојузна Република Југославија.

(реакција на г.Харуни - Косово, добро ти беше...)

Не г.Харуни, од Сојузна Република Југослвија. И неспособност да се убеди Меѓународната јавност дека треба поинтензивно да се преземаат бегалците од Република Македонија во останатите земји, кои пред се ја предизвикаа кризата во СР Југославија со своето бомбадирање и ја доведе Македонија во ситуација и ден денес билансот на прием и префрлање на простанатите бегалци во останатите земји секојдневно позитивен. Значи, сеуште примаме поголем број бегалци од оној што го префрлуваме во другите земји,што значи дека сеуште ја заокружуваме безбедносна на Македонија по тој основ.

Шесто, да кажам и тоа дека слушнавме една непријатна изјава која после беше потврдена и од г.министер на еден или на друг начин дека за бегалци од граѓани на СР Југославија, за кои како бегалци одговорност за приемот сноси Република Македонија, добивме извинувања кон еден трет премиер, г.Пандели Мајко, кон кого г.министер изрази жалење за нашиот третман кон бегалците, кон премиер кој по ниеден основ не е надлежен за граѓаните ни од нашата, ни од Сојузна Република Југославија, за што исто така сметам дека ја доведе Македонија во прилично непријатна состојба.

Господа пратеници, г.министер, како штона почетокоткажав нашата Пратеничка група ја поднесе Интерпелацијата пред дваипол месеци. Оттогаш помина многу време, дел од работите за кои сега говориме и за кој говорам и во други наврати во Собранието се веќе дискутирани, како за Тајван, како проблемот со договорите со бугарската страна и изгубија делумно на својата актуелност.

Во ова време, исто така дојдовме до сознание директно изречено и од коалиционото мнозинство во Парламентот, во настапот на сите пратенички групи, меѓутоа и директно изречено од страна на премиерот дека Владата целосно се солидализира со постапките на г.министер за кој сега зборувавме, и кој ги изнесов.

Од тие причини имаме сознание, имајќи предвид дека Валдата целосно застана зад потезите на г.министер дека дел од одговорноста за неговата работа се префрла директно и на коалиционото мнозинство и на Владата во целина зарди солидализирањето со неговите чекори. Од тој аспект ние веќе немаме илузии дека неговата работа може да трпи критики и критички да се гледа на неговиот однос затоа што зад него очигледно застанува целото парламентарно мнозинство и Владата на Република Македонија.

Од тие причини господине претседател, господа пратеници и господа министер, немејќи илузии дека ова може да вроди со плод пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз согласно Деловникот ја повлекува Интерпелацијата за работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

После повлекувањето на Интерпелацијата нема расправа во принцип, бидејќи нема точка на дневен ред.

Јас жалам г.министре, ама таков е Деловникот.

(министерот Александар Димиторв бара збор процедурално) Немаме точка ни процедурално. Единствнео може, бидејќи јас го добив непосредно пред оваа седница во писмена форма неговиот одговор, можам да ви го дистрибуирам одговорот и на тој чаин да не водиме расправа.

Ако имате некои други работи да кажете, независно од ова, тоа е друго прашање. Инаку по оваа точка јас ќе го прекржам Деловникот ако водам расправа.

(господинот минситер и понатаму инсистира да добие збор).

Знам дека е непријатно, нападнати сте, може да го дистрибуирам Вашиот писмен одговор. Навистина во оваа ситуација нема точка на дневен ред. Едноставно ја повлекоа точката од дневен ред. И нема точка.

Одиме понатаму.

Господа пратеници, во вркса со прашањето за Интерпелациите точно е тоа дека има право и дасе поднесе Интерпелација, има прво и да се повлече Интерпелацијата од тој што ја поднел но мислам дека треба да се сочува смислата на Интерпелацијата. Интерпелацијата подразбира не само нафрлување од една страна на друга, Интерпелацијата подразбира и право на одбрана, затоа што навистина таа може да се злоупотребува до бесвест и секој да се става на срамна клупа, и да се обвинува и сето тоа. Но, сега таков е Деловникот и така ќе доиме.

Одиме на 7-ма точка - Предлго за донесување на закон за жизменување на Законот ...

(министерот упорно настојува да добие збор).

Господине министер не можам да Ви дадам збор. Верувајте, не можам, не дозволува Деловникот, а ако се согласувате можам во писмена форма да го доставам ова што е. Не би сакале. Навистина не можам.

Апелелирам и понатаму кога ќе упатуваме Интерпелации без разлика дали е задоцнета, дали е на време ставена итн., многу е битно да се овозможи да се чуе и другата страна, да се отвори расправа и да се води расправа.

(господинот Амби Бајрам бара збор процедурално). Ако е процедруално повели.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Процедурално. Јас мислам дека деловнички треба да работиме овде.Интерпелација може секој да поднесе, секој да ја повлече најнормално во Собрание, се знае деловнички како може и што може во Собранието да работиме сите, но друг пат после дваипол месеци да дојде на дневен ред, мислам дека нема важност ваква точка, затоа што настани имаме во Република Македонија, многу настани и не е интересно сега оваа точка на дневен ред, или да расправаме за министерот кога министерот има свои надлежности кои во државата се многу побитен фактор и поголемо поверение треба да има. Јас мислам дека е во инте-рес на РМ и целиот македонски народ, Социјал демократекиор сојуз гледа дека нема важност после дваипол месеци и нормално ја повлече Интерпелацијата и не би требало понатаму да сидкутираме за ова, би-дејки многу касно дојде на дневен ред, после дваипол месеци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Што се однесува до процедурата, таа беше спазена на време. Тоа што ние што си имавме други обврски ги одлагавме седниците и неможевме да ја довршиме оваа седница, тоа е друга работа. Таа си има тек, кога си беше на време закажана. Конечно Парламентот си работи пак по процедура и не сакам да го коментирам тоа. Конечно и тој што ја поднел интерпелацијата дошол до одредени свои сознанија, можеби и самиот се корегирал и ја повлекол. Затоа можеме и така да го толкуваме. Како и да е оваа точка е завршена и сега ќе работиме по другите точки од дневниот ред.

Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за комунални дејности, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор? (НИкој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за комунални дејности.

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

7 6 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Прдлогот на закон.

Законодавноправната комисија поднесе амандман за преформулирање на член 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

78 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за комунални дејности.

Минувсме на точката 8 Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трговија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот извештаите на работните тела Ви се доствени односно поделени.

Отворам претерс по Предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за трговија.

Кој е за, молам да крене рака? 75 пратеници гласаа за. Дали има некој против? Нема.

Дали некој се воздржува од гласање? Никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

75 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 4 по кој Владата не се произнела.

Законодавно равната комисија поднесе амандмани за додавање нов член 3 по членот 2, на член 3, член 4, член 5 став 2, член 6, за бришење на став 4 , член 7 став 2 и на член 12 и за додавање нов став 2 по став 1.

Отворам претрес оп амаднамнот за додавање нов член 3 по членот 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Молам, кој е претставник на Владата.

Претставници на Владата се Никола Груевски и аменик министерот Андријана Перовиќ-Митрова.

Дали се тие тука. (Не се).

Ја одлагам оваа точка бидејќи немаме претставник од Владата и не можеме да расправаме, а ќе расправаме тогаш кога тие ќе бидат присутни, а тогаш ќе разговараме и за одговорноста и за се друго.

Сега јас мислам да не губиме време, во меѓувреме ако дојде претставник на Владата ќе расправаме.

Тоа е за секаква осуда. Јас отворено овде и во Ваше име и пред целата македонска јавност упатувам критика до Владата и до соодвет ните министерства. Нивни закони да бидат на дневен ред овде во обранието, а тие да не се присутни, тоа е повеќе од неодговорност. Тоа сакам да го упатам јавно од овде, затоа што тие бараат да се до-несе Законот по скратенапостапка а нив ги нема овде.

Минуваме на точка 9 Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пазарната инспекција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

И оп овој закон немаме претставници од Владата и неможеме да расправаме по него. Според тоа овие точки ќе почекаат,малку веројатно за една од наредните седници ќе ги гледаме..

Минуваме на точката 10 Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата, со Предлог на закон.

Овој закон треба да се донесе со двотретинско мнозинство, а не сум сигурен дали имаме во салата 80 пратеници

Второ по овој закон ние немаме мислење од Владата. Ние денес можеме да расправаме, а да го оставиме одлучува-њето за ситуацијата кога во салата ќе имаме над 80 пратеници.

Господинот Ризван Сулејмани бара процедурално прашање.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, за оваа точка јасно беше кажано пред овој Парламент и пред целата македонска јавност, актуелниот потпретседател на Собранието дека ги прифаќа амандманите предложени од страна на ПДП. Јас се чудам зошто денеска сеуште бараме мислење од Владата. Мислам дека тоа беше кажано пред целата македонска јавност, дека овие амандмани ќе бидат прифатени и нема потреба да се бара мислење од Владата.

Господине Сулејмани, точно е дека нема потреба од мислење на Владата овде. Но, не сум сигурен дали ние имаме денес двотретинско мнозинство во салата за да можеме квалификувано да одлучуваме. Тогаш да го оставиме само одлучувањето кога ќе дојде на дневен ред, тогаш кога ќе имаме 81 пратеник да одлучуваме.

Значи и оваа точка ја резервираме.

Минуваме на точка 11 Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање Одбор за одбележување на 50годишнината од основањето на Советот на Европа.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

73 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање Одбор за одбележување на 50годишнината од од основањето на Советот на Европа. Минуваме на точка 12 Информација за состојбите со недозволена трговија со опојни droги и нивната злоупотреба во Република Македонија во периодот од 1991 до 1998 година.

Информацијата и Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и одбрана Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Заради темата која ја обработува Информацијата, а и како член Комисијата за внатрешна политика и одбрана сакам да кажам неколку збора околу Информацијата и околу заклучоците дадени во Информацијата изречени на Комисијата за внатрешна политика.

Секако, за наркоманијата која е последица токму на трговијатг со наркотиците мислам дека е одвише да се зборува за нејзиното значење како еден од најголемите крsблеми за човештвото во 20тиот век. Мислам дека овој проблем со сет сериозност дојде и во нашата држава во последните неколку години и навистина е сериозен. Ова е една информација од Министерството за внатрешни работи. И покрај тоа што се работи за таква информација од Владата, односно од ова Министерство мислам дека треба да се проговори малку за. Вогнего се донесени заклучоци и се надевем дека со нив е дадена една иницијална каписла за една поширока акција од она што беше досега од страна на"Собранието. Значи преку Информацијата се дава предлог да се вклучи Собранието за нов пристап и нов начин на борба против недозволената трговија со наркотиците, а и во инцијативата се сугерира за иницирање преку собраниско тело на еден нов пристап во вкупната борба против наркоманијата.

Значи се сугерира нов начин воден од самото Собрание во оваа борба и се чини дека самата тема опфатена во Информацијата, трговијата и наркоманијата е толку силна со својата појава и дејствување и актуелност, посебно сакам да нагласам и со порастот кај младата популација што се налага потребата дасе проговори за неа.

Она што е сигурно во врска со наркоманијата тоа е дека за оваа тема погледот и размислувањето на сите политички опции треба да е и се надевам, не се лажам дека е еднаков, посебно во намерите за сузбибвањето на оваа појава.

Се надевам дека со формирањето, евентуално на оваа повремено тело предложено во заклучоците како повремено тело на Собранието на РМ, навистина за прв пат ќе се излезе од декларативната желба за сузбивање на трговијата и ширење на наркоманијата и ќе се навлезе во вистинска политичка акција со многу политичка волја од сите страни за решавање на овој проблем од сите партии кои би требало да партиципираат во овие тела. Телата се спомнати во заклучоците и ќе се проектираат што е нај-важно во тела, во локалните самоуправи како што е кажано во самите заклучоци. Можбби ова требало да биде испит за зрелоста на партките кон вакви, навистина сериозни, меѓутоа и драматични во овој момент проблеми да се носаст со тежината на еден ваков проблем кој навистина е многу тежок и за многу поорганизираните и поразвиените држави од нашата. Еве го поводот, причината каде можат да се сретнат силно интересите на различните политички опции, на позицијата и опозицијата на сите нас како луѓе, на сите национални структури. Ова е конечно проблемот на кој мора да ги надминеме негаторството, македонскиот синдром на самоуништување во интерес на младата генерација која е најмногу зафатена, посебно како што е нагласено во Информцијата на МВР има голем пораст кај популацијат аод 12 до 15 години, што навистина е загрижувачки за сите нас.

Повторувајќи ја желбата зад оваа работа да се појави многу политичка и практична енергија од сите субјкети што ќе учествуваат во овие тела, не можам да не ја нагласам итноста од ваквата акција, брзината од потребата за реални резултати вр практиката поддржани од брзотс донесување на законската регулатива од Владата, како што е кажано од самата информација. Јас ја разбирам ситуацијат и психологијата што ја имаме и кон проблемите во соседството и со војната, мгутоа ми се чини дека актуелноста на оваа тема можеби е рамна за нив посебно кога ќе се земат фамилиите кои ги имаат тие проблеми во моментот. Ова е предмет исто така на заклучоците на Информацијата каде што се се спомнува пот-ребата од брзо донесување на законска регулатива на Владата. Навистина итноста е посебно значајна за уживателите и нивните семејста кои се оставени сами на себе без вистинска помош со овој за нив проблем итен ургентен, силен. За жал во овој момент во РМ и покрај големиот пораст на бројот на уживателите нема вистински организиран пристап и за здрав-ствнето сузбивање и борбата на здравствените работници со проблемот. Недостасуваат високо специјализирани и високо

организирани установи сразмерно на големината на проблемот, посебно ако се знае дека и земјите кои ги имаат тжвите уста-гшви кои се високоорганизирани од медициснки аспект, од здравствен аспект, проблемот е тежок и за нив, проблемот го решаваат тешко скоро и невозможно.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (Продолжение)

Впрочем, загрижувачка е и јавната тајна дека наркотиците се делат во близина таквите установи, на здравствените установи во нашата држава и бројни се искажувањата на зависниците од нарко-тици дека кога ќе пробаат да се лекуваат во таквите установи, тие наидуваат, доаѓаат во ситуации кога полесно доаѓаат до наркотиците бидејќи се опкружени со доста, таканаречени дилери, трговци со наркотици.

Имајќи предвид дека за семејството и за уживателите, затоа што навистина сакаат да се лекуваат и бараат помош во таа борба со наркоманијата, проблемот е ургентен и силен и безизлезен во овој момент, се надевам дека заклучоците, преку најавеното собраниско тело и законската регулатива брзо ќе излезат на виделина во практиката, ќе го надминат нивното чисто декларативно односно нивната чиста декларативност.

Во овој контекст исто така би сакал да се почитуваат овие заклучоци, да дадат иницијатива, меѓутоа, сега ќе го спомнам и случајот со иницијативата дојдена со сите нас пратениците, од Здружението за заштита од пушењето од 03.02.1999 година, во врска со членот 4 од тој Закон за рекламирање на цигарите. Тоа сакам да го нагласам во овој контекст, бидејќи темите се блиску и тука би можел навистина да спомнам, дека, навистина и од самите актери на власта и оние кои треба да бидат за пример, не се почитуваат овие закони за заштита од пушењето.

Уште еднаш сакам да дадам, за крај да искажам надеж дека овие заклучоци ќе најдат примена во практиката, ќе иницираат еден нов приод во решавање на овој проблем. За сите нас ќе значи и полагање на еден голем испит пред кој сме навистина одговорни и се надевам дека, уште еднаш ке ви кажам, актуелната состојба во Косово и во СР Југославија нема да го намали значењето на оваа кација.

За крај ќе кажам дека, можеби, самата тема е доволна за посебна точка и посебна седница и за неа би можело да се каже и да се прозбори од низа низа аспекти: просветен, социолошки, здравствен, па тука се и, можеби би било интересно за Министерството за млади и спорт каде што исто така може да се преземат акции.Така што проблемот е комплексен, се надевам привременото тело дадено во заклучоците ќе даде една комплексна акција и ќе даде резултати.

Јас, навистина, незнам за сите дали се поделени

заклучоците, бидејќи закажувањето на 14тата седница беше малку поодамна. Дали е потребно да ги прочитаме заклучоците од собраниската комисија или нема потреба.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Нема потреба, сите ги имаме добиено.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Тогаш благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Златко Стојменов и образложението.

Збор побара господинот Лазо Китаноски.

**ЛАЗАР КИТАНОСКИ:**

Почитуван претседателе, господа министри, ценети колеги, дами и господа.На Комисијата за внатрешна политика и одбрана навистина водевме една исцрпна дискусија и се согласивме дека во борбата против дрогата, како едно големо светско зло кое е присутно и во овој регион и во РМ треба да се даде едно навистина соодветно значење и внимание, не само на органите на власта, туку и на сите социјални фактори, бидејќи тоа не е само политички проблем, проблем на државата, туку е социјален проблем, еден од поголемите социјални проблеми. Така што пратеничката група на СДСМ ја прифаќа информацијата. Таму се дадени објективно процесите што се одвиваат во овој регион, причините и даваме поддршка на формирање на едно посебно тело, парламентарно тело. Со тоа мислиме дека ќе дадеме свој придонес како пратеници, меѓутоа и ќе дадеме еден сигнал дека и пратениците и Парламентот придаваат големо значење на борбата против дрогата, со тоа што ќе се вклучат многу различни профили.

Искуствата од земјата во светот покажуваат дека е погрешно дека само државата може да се справи со тој проблем. Тука треба да се вклучат и здравствените работници и судството и родителите, социјалните работници, сигурно носителите на јавноста, на власта, меѓутоа, јавното мислење треба да се опфати еден широк круг на луѓе кои ќе укажат на сите штетни последици од употребата нас дрогата.

Се согласувам дека проблемот на користењето на дрогата можеби ќе стане уште поактуелен. Знаете, тоа е некое правило, при секоја криза повторно пукнува, значи употребата на дрогата заради географската позиција во која се наоѓа РМ. Дрогата не бира ни луѓе по политичка припадност, ни луѓе по етничка припадност. Тоа е навистина едно големо зло и добро е што се предлага формирање, тоа е ставот што го прифати и Комисијата да се формира посебно собраниско тело. Мислам дека денеска е доволно само да се даде поддршка. Тоа е мое лично мислење. Да почне да работи тоа тело, да ги анализира работите и на некоја од наредните седници понатаму подготвени да можеме евентуално да продискутираме и да слушнеме Парламентот какви други сугестии би имал Можеби во правец дури на заострување на законската регулатива за делата поврзани со шверцот или на било кој начин промовирање на употреба на дрогата.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Лазар Китановски. Збор побара пратеникот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани дами и господа пратеници.

Информацијата од Министерството за внатрешни работи за состојбите со недозволената трговија ,со опојни дроги и нивната злоупотреба во РМ во периодот 1991 - 1998 година зборува за една алармантна и загрижувачка состојба што треба да се сфати со сета своја сериозност и внимание, бидејќи се однесува за една посебна и чувствителна материја што бара темелен и стратегиски приод.

За периодот на опсервацијата 1991 - 1998 година се пласираше тезата дека РМ е претворена во оаза на криминалот чија експанзија е во постојан подем, со жариште и потенцијална опасност за судбината на младите поколенија. Оттука нашата загриженост и внимание логично е да ги ставиме во функција на нашите заеднички напори за спречување на ова немилосрдно зло на денешницава, свесни за силата и тежината со која што ја притиска нашата реалност.

Не можам да бидат рамнодушен со констатациите и постојаното протежирање на претходната власт која постојано информираше за запленети количества, интензивни политички акции, затворање на стотици дилери и лиферанти. Па сепак, се случуваше постојано да се фалат со фатените килограми бел прав или црни погачи, а во праксата имавме на секој чекор во државата понуди за билет во еден правец за бегање од реалноста. Очигледно беше дека претходната служба при МВР не успеала да одговори на предизвиците на времето во кое функционираше. Покажа неорганизираност и одредена сонливост, како и одредено недоволно согледување и почитување на своите професионални стандарди и проценки. Очигледно претходната Влада не го сфатила сериозно проблемот, па се потопила во сопствените успеси. Затоа, не сакам постојано некого да прозивам кој лошо и недоволно ефикасно работел, за што показтелите се евидентни.

Ако до 1991 година во Македонија имаше некаде околу 600 зависници. Денеска, во нашата земја има некаде околу 2800 активно регистрирани наркомани, зависници кои не можат ниту еден момент без дрога. Ако тој број се помножи со некои светски утврдени стандарди, со 6 или 10, на секој регистриран наркоман тоа би значело дека во Македонија имаме од 12 илјади до 20 илјади малди деца односно младинци можеби не зависници, но едноставно деца кои експериментираат со дрога. Бројот на наркоманите во изминатите 7 - 8 години рапидно растеше со геометриска прогресија и покрај наводните акции и меѓуресорските владини програми.Ако во 90-тите години, односно ако нив многумина ги сметаат како години во кои во Македонија се случи наркоманска епидемија, добро упатените велат дека крајот на векот, доколку не се преземат некои порадикални мерки во борба против ова зло, ќе го дочекаме со повеќе до 20 илјади малолетни поклоници на најразлични природни или вештачки наркотични супстанци.

Во извештаите за меѓународните стратегии и борби против наркотиците што ги направи американскиот Стејд Департмент стои дека по потпишувањето на Дејтонската спогодба односно се истакнува дека по потпишувањето и смирувањето на воените жаришта понекогаш во некогашна Југославија и смирување на воените жаришта во некогашна Југославија повторно е активиран стариот веќе трасиран коридор за транспорт на дрога од Турција до западноевропските земји, односно пазари. Очигледно дека балканските простори и натаму во него

функционираат повеќе паралелни коридори за шверц со наркотици по кои минуваат, дури 80% од целокупното источно производство на дрога. Се смета дека во наркобизнисот се врти огромен профит. Годишно, во светот, помеѓу 400 и 600 милијарди долари, а одредени нарко босови според некои меѓународни анализи веќе контролираат речиси половина од европскиот пазар на смртта.

Најчесто се криумчари хероин, но со оглед на богатата домашна понуда јасно е дека во бизнис се и другите супстанци на задоволство. Во прилог на информациите за заживуваше и интензи вирање на нарко сообраќајот до балканските патишта се и запленетите количества кај нас и во соседството. Станува збор за стотици килограми што сочинвуаат само  дел од сантата мраз, доколку се знае дека глобалните проценки говорат дека во рацете на органите за борба против наркоманијата, со одредени осцилации, завршуваат не повеќе од 10% од вкупните количества што се пуштени во промет.

Дали Македонија е исклучок од ова, тешко е да  се процени. Меѓутоа, непобитен факт е дека и покрај сите активности и програми за спречување на ова зло на претхјодната власт, земјата има дрога како никогаш до сега. Можеби тука не минува главниот коридор, но нејзините алтернативни патишта добија на тежина по воената блокада на основната трасверзала. Се работи за организирани бази и пунктови на нарко босовите кои се устоличени и во врвовите на нарко пирамидата.

Балканскиот пат на дрогата не е само еднонасочен. По истата траса, но во обратен правец на овие простори доаѓаат кокаинот и пред се екстази, ЛСД и други синтетички дроги. Македонија како раскрсница на транзитните патишта така станува се поинфицирана со проблемот на наркоманијата. Неспорно е дека проблемот со дрогата во добар дел е и како производ на самата транзиција. Спроед проценките правени по стандардите на Интерпол ако цената на еден грам хероин на ситно изнесува околу 70 ДЕМ, а кој е доминантен на домашниот пазар и се смета дека годишно се консумира од 1500 до 200 0 кгр., тогаш произлегува дека овој затворен круг се вртат меѓу 100 и 140 милиони германски марки. Значи, произлегува дека е во прашање мамката за брза и голема заработувачка и вложените 10 илјади ДЕМ во Турција на патот кон Скандинавските земји што нараснуваат на неверојатни 150 илјади ДЕМ.

Резултатите од согледаната состојба со зависните од дрога меѓу учениците и основните и средни училишта во Републиката се фрапантни. Наркоманијата најмногу е застапена во скопскиот регион што е најдоминантен, но зад кој многу не заостануваат ниту другите региони во Републиката.

Спроед податоците на еден научно истражувачки проект за наркоманијата во Македонија, во кој е согледана состојбата со зависнистие од дрога, меѓу учениците од основните и средните училишта, висок процент од 4,9% од учениците повремено пушат марихуана. На второ место со 2,1% е хероинот. Всушност, тука е и трагедијата. Бидејќи, според сите светски сознанија доволно е само да се зема две недели хероин па да се остане долготраен зависник од дрога. Според овој проект, интересно е да се одбележи дека и морфиумот не е непознат меѓу учениците кои го пробале ова опојно средство.

Кокаинот како многу скапа дрога и која особено ја користа богатите луѓе исто така не е непозната меѓу учениците од средните па дури и од основните училишта во Републикава.

ЛСД помалку се употребува меѓу поновите генерации, но за разлика од него метадонот е во континуиран продор. Ако 50% од популацијата во Македонија се деца, според овие сознанија би значело дека некаде меѓу 5 и 10 илјади деца се сериозно загрозени во нашава Република. Овие бројки на зависници се доста алармантни, па во тој контекст го сфаќам и предлогот на Владата Собранието на РМ да формира соодветно тело за борба против дрогата, со вклучување на што поголем број на владини и невладини организации и поединци што ќе се занимаваат со овој проблем.

Од тој аспект потребно е МВР да  ги активира сите потребни механизми со кои нарко  бумот ќе се смести во цврсти стеги, така што поскоро ставеното на хартија ќе почен да се праскткува во стварноста, како доктринарна стратегија. Новата организациона поставеност на МВР во борбата против недозволена трговија и злоупотребата со droги и мерките и активностите што ги презема  во овој правец, нејзината раздвиженост, ажурност во обуката и подигнатиот степен на меѓусебна соработка веќе доби силна

подршка од граѓаните на Републиката, а за што, во што сум длабоко убеден дека ќе ги даде посакуваните резултати, за што во оваа прилика јас ја давам својата целосна поддршка и граѓанска соработка.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Черкезов.

Збор побара господинот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Дефинитивно ние пред Собранието имаме една информација во врска со употребата односно злото од една бела смрт, таканаречена, а сигурно дека секој еден од нас тоа ќе го тангира и секој еден, без оглед на верската, национална, партиска припадност сите нас не става во една заедничка точка, дека такво едно зло е зло за сите граѓани во РМ, а посебно младината.

Потполно го поддржувам заклучокот што го предлага Владата да се формира на ниво на Собранието, но би рекол дека борбата против дрогата сигурно би требало да има подолгорочна стратегија, затоа што не постои ефикасен механизам со кој ние одеднаш, сега и во овој момент би можеле да ги заспреме сите можни канали, а првенствено немаме шански, барем во овој краток период, според предусловите што доведуваат до тоа луѓето да се нафаќаат на употреба на овие опојни droги.

Имав можност да зборувам со еден мој близок пријател кој најдиректно е поврзан со оваа работа. Тој и тогаш ми воочуваше дека првенствено борбаата против дрогата не е борба на лекарите, туку првенствено е социолошки, социјален и државен проблем. Затоа, за борба против дрогата ќе ми треба една поширока кампања што ќе ги опфати сите институции и вон институционални механизми за една таква болест.

Еден од механизмите сигурно дека е една ваква комисија формирана на ниво на Парламент на РМ. Но, мислам дека во оваа комисија што ќе се формира од разни вонинституционални невладини организации, неминовно би требало да се вклучат и духовните водачи, односно верските заедници и институции кои што многу можат дас влијаат во нинвата пропаганда, за борба против дрогата кај младите поколенија.

Затоа би се заложил во заклучоците да стоида можат и тие да се вклучат во една таква кампања, во една таква борба. Сигурно тука најголем придонес ќе даде образованието, медиумите, било да се пишани или визуелни.

Благодарам.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани министри, јас доаѓам од образованието и да ви кажам сум имал можност да имам директен контакт со ученици кои земаат дрога. Во мојот клас, минатата година, кој заврши IV година, нели, матуранти беа, имав таков ученик, за жал. Детето беше син на родители со високо образование, интелектуалци со добри примања, па трчајќи по профитот недоволно обрнале внимание на своето дете и посегнал по таа болест да речеме и не успеаа да го одвратат, иако потрошија неверојатно многу средства. Да не кажувам колку пари потрошија тие. Доаѓаа неделно два пати, три пати, а тоа се случило преку летото кога тој почнал тоа да го прави. Направивме некако, ја заврши годи-ната, меѓутоа, проблемот си остана на родителите.

Предминатата година општината Кисела Вода организираше една извонредна акција, како покровител, познатиот "Караван за борба против наркоманијата". Тој Караван доаѓаше и во моето училиште и да ви кажам искрено учениците со многу големо задоволство го прифатија, ја слушнаа таа порака и после тоа се развија многу дискусии во училиштето. Потрошивме многу класни часови, еве на тој проблем и сметам дека имаше извонредна порака и извонреден ефект. Меѓутоа, тогашната власт го забрани тој Караван. Помина само неколку училишта во општината Кисела Вода и во некои други општини во Скопје, беше намерата да ја обиколи цела Македонија, беше неверојатно убаво и вкусно тоа направено, меѓутоа, за вкусот на тогашните власти невкусно. Голема грешка. Мислам дека ако продолжеше тој Караван ќе имаше барем 50% помалку конзументи на дрогата.

Проблемот е во тоа што во добар дел од приватните аптеки во Скопје може да се набави "метадонот" без проблем. Директор во средно училиште кој држи неколку аптеки во

Македонија, во своите аптеки тоа ми го кажувале моите ученици и од населбата каде живеам си купуваат, добро, на црно, но од аптеката метадон. За среќа тој тој директор веќе е разрешен, но е директор на средно училиште.

Родителите и воопшто глеачите од изборната единица 68 Аеродром за време на изборната кампаша доаѓаа во штабот и единствено посебно што беа загрижени аман, господине Лазаров, сборете се ќе ви ја дадеме нашата поддршка, децата да ни ги спасите, не можеме да си ги исчистиме подрумите од шприцеви. Можете да сфатите како изгледа тоа, убаво рече господинот Черкезов, 3000 регистрирани, а не знам колку се нерегистрирани.

Во разговор со моите ученици, така кога е неврзан, послободен, другарски, обично тоа се случува на екскурзии, тогаш се опуштаат децата ми кажувале ретко кој млад човек дека не пробал. Значи, можете да сфатите, нема кој нема пробано, така речи. Значи, штом пробал, лесно може да забразди. Во изборната единица каде што ми беше изборниот штаб, исто така, има доста запуштени простории каде се собираат наркомани и навечер човек не може да помина од тука. Соседите кои немаат мира велат ќе се јавиме некогаш во полицијата порано, тоа се случуваше за време на кампањата, сега не знам, не сум во тек каква е ситуацијата, веројатно иста велат, ќе свртиме телефон во полиција, ќе кажеме аман дојдете, се случува тоа и тоа во просторијата. Велат, само пет минути нема да поминат, ќе им се јави или како се прави тоа не знам, ќе помнат да ни се јавуваат немојте да јавувате во полиција, ќе ви ги искршиме прозорците, ќе ви направиме ова, она. Значи, веќе знаат тие што се таму дека порака е дадена до полицијата. Замислете каква соработка! За жал, значи закани директни, најдиректни, велат затоа ги оставаме нека прават како умеат, како сакаат.

Затоа, мораме да работиме максимално на донесување на некоја програма со која ќе мора ова зло да го доведеме на најниски гранки што може да се симне. Ние се залагавме посебно коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и Демократската алтернатива дека ќе се бориме против тоа зло и заради тоа добивме голем број на гласови. Не можам да кажам за другите дали тоа го имале пратеничките групи што се сега во Парламентот, дали го имале тоа во програмите. Меѓутоа, ние се залагавме и мораме на ова поле да направиме се за да ги спасиме младите. Инаку, црно ни се пишува и на нас и каква младина ќе ни дојде, може господ да не чува само.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Лазаров.

Збор побара пратеничката Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа, бидејќиобеше спомнат Мисионерскиот караван за борба против наркоманијата, лично бев прв координатор и претседател на тоа здружение со многу познати личности од правниот и културниот живот. Едноставно сакам да апелирам до македонската јавност дека Мисионерскиот караван никогаш не престанал со работа, тој всушност само добил поинаква форма на делување и од идната недела започнуваме со училиштата на општината Центар. Минатата година навистина имавме проблем со добивањето дозвола од Министерството за образование и физичка култура, но и покрај тие тешки услови некако ја добивме и со помош на тогашниот градоначалник господинот Марјан Горчев успеавме со некакви средства да поминеме низ сите училишта, основни и средни, на оошштината Кисела Вода и низ општината Чаир. Тоа е едно околу Мисионерскиот караван дека веќе идната недела ќе почне да делува низ општината Центар.

Јас само би апелирала до Собранието на Република Македонија, а по однос на заклучокот кој ние го добивме, дека тоа координативно тело кое

ќе се подготвува или воопшто некаков комитет, без разлика, би требало да се направи веднаш, обврзно, што поитно, да направиме една седница која ќе биде токму само на оваа тема, почитуван претседателе, и уште една работа дека тој комитет под итно треба да донесе одлука за изградба на прв стационар во Република Македонија. Безусловно, било какво говорење на оваа тема станува неважно, бидејќи во Македонија не постои болница која ги лекува зависниците од наркоманија. Значи говориме, а немаме каде да ги лечи-ме зависниците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓицата пратеник Божиновска Валентина. Збор побара господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господин претседател, почитувани пратеници, нашиот став го соопшти господинот Китановски, ние ќе ја поддржиме Информацијата ќе Гласаме за заклучокот кој е предложен, што сметаме дека е добар.

Меѓутоа, вака ненајавено бев поттикнат од последните дискусии да кажам нешто, особено ова од госпоѓицата Божиновска во врска со Мисионерскиот караван. Немаше да се јавам доколку нема и различни и поинакви искуства од ова што госпоѓицата Божиновска го соопшти во врска со тој караван.

Во минатиот мандат јас исто така бев пратеник од општината Кисела Вода, а сега сум од пропорционалната листа. Во мојата изборна едница тој караван ги помина сите училишта, без разлика кој го организирал, не навлегувам. Јас како пратеник од мојата изборна единица имав барем 50тина родители кои побараа средба со мене за да ми соопштат дека во нивните училишта, каде учат нивните деца, доаѓаат мисионери да зборуваат против наркоманијата, што е добра работа. Меѓутоа, она што ги загрижи е фактот дека мисионерите, меѓу нив има и излечени наркомани и караванот си дозволил пред децата да истакнува луѓе кои зборуваат јас бев наркоман, меѓутоа се излечив, вие немојте да го пробате, тоа е најголемото зло. Тоа децата го соопштуваат на своите родители и доаѓаат до заклучок, ако овој се излечил, значи може да се проба и да се излечам и јас. Замислете како се чувствуваат родителите чии деца слушаат проповеди дека може да се проба и да се извлечете од таа работа еве, јас сум тој пример и немојте да пробатр.

Во име и на тие граѓани што тогаш се јавиле, сакам да ка-жам дека треба да бидеме многу внимателни, затоа што детските способности да ги осознаат процесите можат да завршат и така како што многу родители реагираат. Во дел од таа изборна единица сега е и господинот Лазаров. Тоа е дел во училиштата од каде што и тој е сега пратеник, каде што бев и јас половично во минатиот мандат. Тоа е проблем со кој треба да се соочиме сите пратеници кога делуваме во разно разни невладини организации, зашто многу е симптоматично кога на дете од 12 години му се кажува дека можете да се извлечете од таа работа, ама немојте да ја пробате. Тоа ќе рече дека можам да го поминам истиот пат, да пробам како е и да се вратам и родителите се многу возбудени од таа работа.

Со оглед на тоа што гледам дека госпоѓицата Божиновска реагира, немам зла намера, само сакав да укажам дека и добрите намери патот до пеколот понекогаш може да е поплочен со добри намери, нели. Треба да сме многу внимателни при разни вакви општествени акции, кои на неко] начин сите ги промовираме дали преку владини или невладини организации, зашто можат да завршат со бурна реакција од страна на родителите кои имаат доверба во училиштата во кои ги пра-ќаат своите деца. Не сакам погрешно да бидам сфатен, напротив, сакам да укажам и на поинаква страна, која е почната со поинаква намера.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Поповски.

Господинот Лазаров беше споменат, па сака да се вклучи како реплика .

Повелете, збор има господинот Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Одговорот ќе го дадам преку еден пример. Учителката им предава на учениците за животна средина и во едно лонче ставила вода, во другото алкохол. Зела црвот го пуштила во водата и црвот мрда, потоа зема го става во алкохол и тој се оптегнал, испуштил душа. И ги прашува, што заклучивте ученици, вика дека тој што пие алкохол нема глисти. Не е тоа така, ние можеме да си изведуваме какви сакаме заклучоци, меѓутоа, пораката на тој караван беше толку јасна. Сега можеби имало и со некои други намери некој да го шпекулирал, да му било недраго, затоа што се знаеше кој го води и кој стои зад караванот, и се знае што беше целта.

Инаку, мојата ќерка заврши во Америка средно училиште и вака вели: Ни донесоа болен од сида. Што значи тоа, дека треба да заболат од сида или да сфатат дури, вели, се ракувавме сите со него, да ни покажат дека тоа не е толку опасно, дека тој човек сега не треба и да се анатемиса. Ако заболи, меѓутоа, да се сфати дека тоа е страшно, опасно и последиците се смрт.Немојте сега вакви заклучоци да донесуваме, треба учениците да го видат и убаво е што го видоа и многу пластично сето тоа го изнесе артистот. Меѓутоа, беше толку оригинален и учениците директно му поставуваа прашања. Не знам, ај да речеме дека можеби во основните училишта погрешно го сфатиле, ама нема врска, да речеме, еве Валентина толку убаво сето тоа го објаснуваше и воопшто караванот беше толку убаво осмислен што не би требало вака да се гледаат работите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, мислам дека полека навлегуваме во една расправа која повеќе личи на стручна расправа околу тоа како треба да се лекуваат наркоманите, отколку за мерките што треба да се преземаат за сузбивање на таа појава.

Би апелирал до сите вас, вклучително и со мене, сите ние кои имаме добри намери да помагаме да се занимаваме со сузбивање на оваа тешка појава, сепак да им дозволиме на експертите кои се занимаваат со ова прашање да го кажат начинот на кој треба да се третираат овие лица, а ние да им ја дадеме нашата поддршка која веројатно им е многу потребна.

Но имам една друга забелешка. На некој начин почнавме тука, барем се добива таков впечаток, да сакаме да покажеме кој по-веќе предничи во таа борба против наркоманијата, што на некој начин добива призвук на искористување на ова зло кое ги има зафатено дел од децата, за да покажеме дека некој се грижи повеќе а некој помалку.

Затоа, апелирам да ги поддржиме сите мерки кои стручните лица кои најдобро знаат како треба да се занимаваат со оваа проблематика и се разбира, не само вербално како што кажа госпоѓицата Божиновска, туку навистина на нив им се потребни и соодветни материјални средства, финансиска поддршка, за да можат да се носат со овие проблеми. Само со зборови и заклучоци, верувајте, може малку да се направи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарамкна господинот Таири. Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа, точно е сите се согласуваме дека постои оваа појава и ова зло што се вика наркоманија, дрога во Република Македонија кај нашите млади, пред се млади, но едно е сигурно дека само со конституирање, со формирање на разни бордови, комитети итн. тешко се сузбива оваа многу лоша појава, затоа што искуствата што ги кажаа моите колеги тука зборуваат дека никогаш крајот не може да се најде, односно најдобриот начин како да се избегнат, односно како да се намали оваа појава. Поаѓам дури и од тоа што сум претседател на Комисијата за екологија, млади и спорт дека за некоја појава која констатираме дека е лоша, како зло итн. мора да се најде алтернатива. Дури, ние како Парламент и како пратеници треба да нудиме алтернатива каков живот треба да им организираме на младите понатаму, за да не ни мисла дека само на тој начин на живеење како тие живеат сега претставува атракција, односно претставува интересен и атрактивен живот. Затоа, и препораките наши беа како Комисија кога баравме дека тчреба и во Буџетот тие ставки односно тие позиции, кои требаше да бидат ориентирани кон тоа во Министерството за млади и спорт, во Министерството за екологија да можат да ги реаливираат нивните предвидени програми, на еден на-чин е алтернатива и борба против начинот на сегашното живеење на младите, односно нивниот провод ноќен итн. Што е тоа? Спортот и организираниот живот на младите. Верувајте скоро сите ние знаеме искуства, гледаме какви трендови за начинот на борбата против дро-гата, односно наркоманијата веќе се практикува во модерниот свет, т.е. САД, Европската Унија или Скандинавските земји.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (продолжени)

Нема ќоше, нема кварт каде што нема Фитнес клубови, организиран живот, мислам на спортски живот и тн. Ние , исто така, уште не знаеме дури и овие спортски објекти што ги имаме како и кога се користат освен кога има тренинг или фудбалски натпревар или кошарка или нешто. Значи, немаме некоја програма која се финансира како што треба или проект кој ќе организира сосема друг начин на живеење на младите т.е. тој спортски дух кај малдите многу малку го развиваме во последно време и кога веќе животот им е досаден, тоа досадното денеска младите го надокнадуваат, за жал, на најлош можен начин, поминувајќи часови и часови , денови и ноќи во кругови каде навистина шансите се реални да биде што поблиску до тоа што е дрога односно појава наркоманија.

Затоа апелирам сепак да се најде начин и овој Комитет за кого сега зборуваме во натамошните активности да предвидува алтернатива на начин на живеење на младите во нашата држава. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Исмет Рамадани.

Збор побара пратеникот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Би апелирал за една сеопфатна акција од страна на сите релевантни фактори во оваа држава како од МВР кој секако би требало да ги интензивира сите тие активности и со тек на време нормално да се зајакне тој интензитет, меѓутоа, има уште едно прашање што е многу важно, а тоа е медиумска кампања која би имала , прет се, едукативен карактер, а поддржано секако од сите телевизиски куќи, од сите новинарски куќи во Републиката, едукативен карактер мислам едукација на младите, но и на родителите како би се спречило тоа зло.

Исто така важен е придонесот на сите невладини организации како што се Сојуз на извидници, Планинарски друштва,кои во последно време се доста запоставени , а секако нудат можност во која младиот човек ќе најде друго решение, а не она најлошото.

Бројката на зависници на РМ е алармантна и се согласувам со г-ѓацата Божиновска за свикување на посебна седница токму околу оваа тема, бидејќи условите во кои сега живееме се доста погодни за развој на оваа доста сериозна и непожелна појава.

На крајот морам да кажам дека се согласувам во целост со претходниот дискутант во делот за спортот, бидејќи тоа е добро ре-шение практикувано во целиот свет, меѓутоа, за жал, морам да кажам дека во општина Виница од каде потекнува сеуште нема

спортска сала имаме четири основни училишта, гимназија, редица генерации кои по-минале низ тие училишта, но сеуште немаме спортска сала. Тоа е добар предлог и треба да се негува, бидејќи ќе даде друга алтернатива, а не она што се вели дрога и супстанци од дрога. Благодарам.

**САВО КЛОМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Горанчо Трајков.

За збор се јави г-ѓата пратеник Марика Јорданова.

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:**

Почитувани пратеници, мислам дека нема да одземам од времето кога станува збор за една точка која се однесува за нашите поколенија не само од аспект на нивното здравје, туку од аспект на здраво семејство , од аспект на здраво општество што е од најголе-мо значење и треба да биде заложба на секоја индивидуа во нашето општество а поготово на нас пратениците на ова високо законодавно тело Собрание на РМ.

Меѓутоа, расправата и дискусијата околу оваа тема е премногу опширна и токму заради тоа е многу значајна. Дискусијата околу неа опфаќа дискусија и согледување на многу аспекти од нашето живеење, аспекти кои навлегуваат во многу сфери не само во сферата на самиот порокдрогата. Ние како лекари кога лекуваме , имаме еден болен пациент, имаме болест. Болеста на ова општество е порокот што се вика дрога. Меѓутоа, во сузбивањето на таа болест тргнуваме од причинителите на таа болест односно етиологијата , условите кои доведоа до таа болест.

Понатаму просветувањето за да не дојде до тие причинители и на крајот кога веќе ја имаме болеста, нејзиното лекување и мерките околу нејзиното лекување.

Ќе направам една медицинска компарација, тоа многу укажува на она што ние како законодавно тело треба да размислуваме и да го имаме во предвид.

Ја добивме Информацијата за распространетоста на дрогата во периодот 1991 до 1998 година. Значи, имаме сериозен проблем, проблем кој има тренд на уште поголем раст. Тоа значи голема пропаст за нашето оптешство и воопшто за семејствата како семејства за луѓето, а поготово што станува збор за младата генерација. Преку младата генерација страдаат семејствата во кои се наоѓаат зависници од дрогата

За приjдеме покомплетно кон проблемот покрај тоа што дискутиравме малку , но неколку од тие дискусии наведуваат и на овој проблем му даваат политичка конотација кој е од животно значење за сите и кој не признава ни вера ни партија ни политика. Станува збор за животен проблем, проблем за опстојување на нашето општество и на нашите луѓе.

Спрема тоа, мора да бидеме малку објективни најсовесно и најодговорно да расправаме по онаа шема по која начелно реков еден лекар го гледа проблемот. Спрема тоа, да тргнеме од причинителите и условите за развој на тој порок. Тие се многу широки, многу опсежни и ако ги анализираме треба да одземам многу време, а сите сме свесни кои се тие услови кои доведуваат до тоа, тоа е тешката економска социјална криза , тоа е материјализација на општеството односно материјализирање и негирање на основните човекови вредности кои треба да бидат основа на едно здраво општество за да нема во него такви пороци како ги имаме и за какви денеска расправаме. За условите кои се присутни меѓу нас, за таквиот начин на прифаќањето на животот, мерките кои треба да се преземат се од широка природа. Мерките кои се реализираат во вид на карвани се за респект и почитување, бидејќи имаат улога на мисија, улога на укажуваше на она што е порокот и она што не треба да се прави.

Коментарите околу тоа што зависник од дрога се појавува во улога да дава совети не да се штетни, туку напротив се многу корисни за што поуката вели прашај паталец не гаталец, гато значи оној што поминал низ пеколот најубаво може да каже и најубаво може нему да му се верува за тоа што значи тој пекол. Меѓутоа, мора да им даваме надеж, мора да бидеме свесни за моменталната бројка на зависници од дрога и на нив мораме да им дадеме надеж дека можат да се лекуваат и треба да се лекуваат, да прекратат со таа зависност од дрога доколку самите имаа желба и се освестат дека треба да се лекуваат. Ваквите мисии од таков тип и те како ќе придонесат и ќе помогнат. Меѓутоа , другиот момент на кој треба да се укаже во ова тело е моментот кој ги овозможува околностите кои го овозможуваат ширењето на дрогата, а тоа се најразличните канали преку кои зависниците од дрога доаѓаат до употреба на дрогата. Тие канали се друга опшитна тема за дискусија која бара професионален пристап од соодветните тела. Тие тела треба да изработат најсолидна мрежа и

начин по кој треба да се оневозможи со законски регулативи и други мерки доставувањето и ширењето на дрогата.

Третиот момент кој се однесува на лекувањето на кој укажа г-ѓица Божиновска лекувањето. Тоа во нашето општество во овие моменти и покрај толкавиот број на зависници од дрога сеуште се става на маргините и не во вниманието на општеството.

Ние како законодавен дом и како власт сме тие кои сме должни да ги преземиме мерките за лекување на големиот број зависници од дрога односно тие се потураат од една до друга врата на болнички домови . Јас имам поплаки и жалби од пациенти кои не се примани во соодветните неуропсихијатриски одделенија за лекување заради тоа што за нивниот третман треба посебни услови, посебни болници како лекувалишта и не само лекувалишта во кои ќе бидат вклопени едукативни третмани против зависноста од дрогата.

Бидејќи проблемот е толку опширен и опфаќа толку области предлогот во Информацијата за формирање на тело на Собранието како тело за заштита против зависноста од дрога и превенцијата. Тоа треба да биде едно координативно тело кое ќе треба да координира и раководи со сите други тела кои ќе допираат до сите други свери и домени од областа на МВР, од областа на образованието кое ќе ги вклучи активностите на сите невладини организации кои до овој момент, имам сознанија, во своите програми имаат посветено внимание на борба против зависностите.

Сите невладини организации поготово женските го имаат тоа како еден од приоритетните проблеми. Факт е што треба сета таа заложба на сите тие организации, служби, ресорни министерства да биде координирана од еден центар и тоа професионално тело во кое ќе бидат застапени професионалци од повеќе профили здравствени работници, социјални работници, психолози, психијатри, вработени од МВР и други штетни појави за да во иднина не само ние во овој состав на Парламенто па и другите што ќе доаѓаат по нас да не зборуваат за последиците и мерките кои треба да ги преземе Владата односно Парламентот за сузбивање на оваа штетна појава.

На мислење сум дека клучен фактор за сузбивање на овие појави е образованието, па затоа треба во овој правец образованието да го даде својот испит.

Ако само зборуваме и само ја констатираме фактичката состојба, ако сами себе не се оквалификуваме како долматисти другите така ќе не квалификуваат. Затоа предлагам да се стимулираат компетентните во органите на МВР што дејствуваат против овој космополитен непријател на сите луѓе во Македонија, а првенствено против малдите.

Ова дотолку повеќе што еден работник што работи во органите на МВР со тие лични доходи прашувам дали би влегол во тие простории каде се консумираат таквите средства, јас би рекол постои можност постои простор тој човек да се стимулира. штетни појави за да во иднина не само ние во овој состав на Парламенто па и другите што ќе доаѓаат по нас да не зборуваат за последиците и мерките кои треба да ги преземе Владата односно Парламентот за сузбивање на оваа штетна појава.

На мислење сум дека клучен фактор за сузбивање на овие појави е образованието, па затоа треба во овој правец образованието да го даде својот испит.

Ако само зборуваме и само ја констатираме фактичката состојба, ако сами себе не се оквалификуваме како долматисти другите така ќе не квалификуваат. Затоа предлагам да се стимулираат компетентните во органите на МВР што дејствуваат против овој космополитен непријател на сите луѓе во Македонија, а првенствено против малдите.

Ова дотолку повеќе што еден работник што работи во органите на МВР со тие лични доходи прашувам дали би влегол во тие простории каде се консумираат таквите средства, јас би рекол постои можност постои простор тој човек да се стимулира.

**БИЉАЛ ЉУТВИ:** (продолжение)

Ако тој се стимулира материјално, тогаш сигурно и тој ќе ризикува, оти има за што да ризикува.

Да не должам многу како пратеничка група на ДПА ние се сложивме со предложената Комисија и се сложивме со сите мерки, а бараме оваа Влада да покаже спремност и политичка волја. Зашто, поранешната Влада немаше политичка волја да се занимава со овој проблем.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Биљал?

Дали уште некој бара зброр?

Никој.

Ке ве молам господа пратеници, денеска навистина дискутиравме за едно многу сериозно прашање, каква што е оваа Информација и до колку дозволите јас ќе се обидам врз основа на целокупната расправа и врз основа на Извештајот кој што го имаме добиено да Ви предложам и извесни измени.

Во точката три од страна на Комисијата, во смисла на зајакнување на нашата севкупна акција и на поставувањето на Собранието како централна институција во борбата против различните облици на зависности, особено против дрогата и наркоманијата. Јас мислам дека ние денеска не треба да заклучуваме и многу не е задолжително во смисла да се формира повремено тело, а тоа да предвиди мерки итн.

Јас предлагам денеска третиот заклучок да гласи дека Собранието формара Национална комисија за борба против дрогата. Централна национална комисија, која во својата работа ќе ја приклучи работата на Комисијата при Владата и при другите тела. Притоа, таа Национална комисија ќе треба да има во својот состав, покрај својот состав и организација, мерки и средства толку колку што ќе и треба и колку што ќе побара. Мислам дека не треба да се жалат средства за борба против наркоманијата.

Исто така, јас би предложил дополнување на заклучоците во смисла комисијата за кој а што мислам дека иницијален состав треба да ја сочинуваат претседателите на комисиите за здравство, за спорт и млади, за внатрешна политика и за образование, кои што ќе ни ја подготват оваа програма со целокупната своја организација, мерки, средства, и можеби ќе ни предложат закон, можеби ќе ни предложат било што, но во секој случај Собранието да биде таа централна институција што ќе ја координира и ќе биде одговорна за борбата против дрогата и наркоманијата.

Таа програма сакам да се расправа веќе на седницата во месец јуни, бидејќи имаше предлог овде Собранието да има и посебна расправа по ова прашање. Мислам дека поднесувањето на програмата од страна на таа национална комисија, а јас ќа се погрижам и лично да ја координирам работата на претседателите на овие работни тела на Собранието, за да можеме да излеземе со една комплексна, со една организирана и со една одговорна акција. Нема поодговорно тело во државата од нашето Собрание. Ако сметаме дека тоа е општо зло и дека нема тука партиска обоеност и дека против тоа треба да ги обединиме нашите напори и сили, мислам дека дополнувањето на заклучооците со вакви мерки во многу ќе придонесе и самите да се обврземе, но истовремено да дадеме и еден организиран тек на целокупната борба против дрогата на наркоманијата.

Според тоа, бидејќи повеќе никој не бара збор по заклучоците, јас мислам дека треба денеска да ги прифатиме заклучоците содржани во Извештајот на комисијата и доколку се сложите на дополнети и зајакнати со овие заклучоци кои што јас ви ги предложив, ако има некој друг размислување, ќе ве молам можеме да водиме и понатаму расправа, но сметам дека се во насока на нивна операционализација и во насока на зголемување на одговорноста на самото Собрание. Во таа смисла тие и овој дел што се однесува на заклучокот број три овде во Извештајот да бидат составен дел на истиот.

Според тоа, ако немате никој против ова што јас Ви го предложив како дополнување на заклучоците со тие носители, мерки, средства и програма што треба да ја разгледуваме на јунската седница, пред одморите и да водиме широка расправа, како прва точка ќе говориме по ова прашање, во тој слуллај јас овие заклучоци и оваа Информација ја ставам на гласање.

Молам, кој е за?

56 пратеници се за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали има некој воздржан?

Нема.

(Моментално во салата немаше доволен број на пратеници за гласање).

Сега полека доаѓааат пратениците, се влечкаат, па дајте, затоа што треба сепак да гласаме. Најсериозно Ви велам дека и мене ми е досадно овде да седам со саати. Јас ги разбирам и пушачите, па ако треба на 15 минути да даваме пауза, ама сепак сериозно да работиме. Еве ги сега половината доаѓаат од надвор, а овде не можеме да изгласаме заклучоци. Сега мислам дека има доволно пратеници.

Ќе ве молам, ако сакате, уште еднаш да гласаме.

Кој е за заклучоците?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали има некој воздржан?

Нема.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци со овие определени измени.

Почитувани пратеници да продолжиме со работа.

Минуваме на точка.

Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Одлуката и Дописот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се дополнително доставени.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

Никој.

Бидејќи некој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на Одлуката молам да крене рака.

(Повторно недостасува мнозинство на пратеници во салата).

Ве молам, штом толку пратениците се, видете, дајте повикајте ги пратениците во салата. Навистина, ние ја критикувавме малку Владата, претставниците на Владата итн., но толку несериозно се однесуваме, јас немам претстава, секој ќе каже , ќе си отпее овде што има да каже и си излегува надвор како да му треба вештачко дишење. Тоа не иде, ова е навистина играње со самото Собрание. Дајте, бидете посериозни, вие сте дојдени овде за да седите во оваа сала, а не да се влечката по ходници и во бифето. Тоа не можам да го сватам, ако не ќе ја прекинам седницата и тогаш кога ќе станеме сериозни, ќе ја водиме работава.

Молам, дали сега имаме доволен број. на пратеници?

Имаме.

Одиме понатаму.

Според тоа, Предлогот на одлуката и Дописот од Комисијата за прашања на избори и именувања Ви се доставени односно поделени.

Молам, дали некој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака.

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали има некој воздржан?

Нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точка 14.

Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Медицински центар" - Струга.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отварам претрес.

Молам кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам, кој е за?

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали има некој воздржан?

Нема.

Според тоа, констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Медицински центар" - Струга.

Минуваме на точка 15.

Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на "Специјалната болница за гинекологија и акушерство Чаир" - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Претлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам, кој е за?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали има некој воздржан?

Нема.

Според тоа, констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на "Специјалната болница за гинекологија и акушерство Чаир" - Скопје.

Минуваме на точка 16.

Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на факултетот за туризам и угостителство Охрид.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали има некој воздржан?

Нема.

Според тоа, констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на факултетот за туризам и угостителство Охрид.

Минуваме на точка 17.

Предлог на одлука за именување на републички советник во Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам да гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

69 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.Дали има некој воздржан.Нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување на републички советник во Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точка 18.

Предлог одлука за избор на членови на Управниот одбро на Јавната здравствена организација, здравствена станица на Универзитет "Свети Кирил и Методиј" во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

69 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали има некој воздржан.

Нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбро на Јавната здравствена организација, здравствена станица на Универзитет "Свети Кирил и Методиј" во Скопје.

Минуваме на точка 19.

Предлог на одлука за огласување и избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претресот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на Одлуката.

Дали некој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали има некој воздржан.

Нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија.

Минуваме на точка 20.

Предлог на Одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Гостивар.

Предлогот на Одлуката Ви е поделен.

Отварам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлог на одлуката.

Дали некој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали има некој воздржан.

Нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и избор на судија на Основниот суд во Гостивар.

Минуваме на точка 21.

Предлог на одлука за огласување и именување на заменик на јавен обвинител на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, дали некој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на одлуката и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали има некој воздржан.

Нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и именување на заменик на јавен обвинител на Република Македонија.

Минуваме на точка 22.

Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Битола.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали има некој воздржан.

Нема.

Констатирам дека Собраниетого разреши

Јанкуловски од функцијата судија на Основниот суд во Битола по негово барање.

Минуваме на точка 23.

Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за одбележување на педесет годишнината од основањето на Советот на Европа.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој воздржан.

Нема.

Дали има некој против?

Нема.Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување

претседател и членови на Одборот за одбележување на педесет годишнината од основањето на Советот на Европа.

Минуваме на точка 24.

Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на ООЗТ Институт за белодробни заболувања кај децата во состав на Градска општа болница "Моша Пијаде" - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

74 пратеници гласаа за.

Дали има некој воздржан.

Нема.

Дали има некој против?

Нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на ООЗТ Институт за белодробни заболувања кај децата во состав на Градска општа болница "Моша Пијаде" - Скопје.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (продолжение)

Минуваме на точаката 25 - Предлог на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација Медицински центар "Трифун Пановкси" - Битоал.

Предлог на одлуакта и Дописот на Комисијата за ибзори и

именувањеа Вис е поделени.

Отворам претрес, молам дали некој бара збор? (никој) Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Според тоа, констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор начленови на Управниот одбор на Јавната здравствена орга-низација Медицински центар "д-р "Трифун Пановски" - Битола.

Минуваме на точката 26 - Предлго на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена органиазција "Клинички центар" - Скопје .

Предлогот на Одлуката Ви е поделен. Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуакта го ставам на галсање. Кој е за, молам да крене рака? (70) Дали има некој против? (нема) Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Јавната здравствена органиазција "Клинички центар" Скопје.

Минуваме на точката 27 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација

Републички завод за трансфизиологија - Скопје.

Предлогот на Одлуката Ви е поделен. Отворам претрес, молам кој бара збор? (никој) Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

(6б) Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор

на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација

Републички завод за трансфузиолотија.

Господа пратеници,

Нам ни останаа три гочки кои што ги одложивме додека не дојде претставник на Владата. А тука е веќе министерот за трговија г.Груевски. Ако може трпение да ги поминеме и тие точки, бидејќи иамме кворум, имаме претставник на Владата, Владата ја сфатила нашата порака и критика и се надевам дека прво пратениците ќе бидат присутни да не ги бараме и да не ги повикуваме јавно, но како и да е , јас мислам да продолжиме со овие три точки и да завршиме.

Ако немате ништо против.

Минуваме на точката 8 Предлог за донесвување на закон за изменување на Законот за трговија со Предлго на закон. Ние тоа го поминавме се до амандманот.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 4, по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за додавање нов член 3 по членот 2, на член 3, член 4, член 5 став 2, член 6 за бришење на став 4, член 7 став 2 и на член 12 за додавње нов став 2 по ставот 1.

Според тоа, отворам претрес по Амандманот за додавње нов член 3 по членот 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Да се произнесе претставникот на Владата.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа Амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по Амандманот на член 3 поднесен од ЗПК. Со овој Амандман се согласил поверникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа Амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по Амандманот по член 4 поднесе од Комисијата за стопанство и ЗПК.

Со овој амандман на седницата на ЗПК се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифати Амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по Амандман на член 5 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандмна се согласил повереникот на Владата.

Го молам претстанвикот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифака овој Амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амамднан на член 6 за бришење на став 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман исто така се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по Амандманот на член 7 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повреникот на Владата. го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа овој Амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од ЗПК.

Со овој Амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој Амандманс е прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлгоот на законот.

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по

текстот и Предлогот на законто го ставам на гласање.

Кој е за, молак да крене рака? (67)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздрзжува од гласање? (никој)

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за трговија.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување назакон за изменување на Законот за пазарната инспекција, со Предлог на закон,

Предлогот за донесување на законто со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доствнеи, односно подекени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Сборанието мупредлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за пазарната инспекција.

Кој е за, молам да крене рака? (68)

Дали е некој против? (никој)

Дали нeской се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собрнаието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот за донесување на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен прелогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законтот го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака? (67)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го доенсе Законот за изменување на Законот за пазарна инспекција.

Уште еден закон ни останува, а тој е Предлогот за донесу-вање на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата.

Оваа точка рековме дека ја оставаме, бидејќи немаме кворум. Треба да имаме јанмалку 80 пратеници.

Господа пратеници, со тоа го исцрпивме дненвиот ред од оваа сендица, освен овој Закон и еден друг закон, за кој што ни е потребно двотретинско мнозинство.

Јас би сакал да Ве информирам за следново: Изгледа дека ако нешто не биде вонредно, ова ќе ни биде последна седница во оваа сала.

Новата сала е веќе во завршна фаза и се очекува најдоцна за десетина дена да отпочне и пробниот систем за гласање, Вие знаете тоа ќе биде електронски систем, така што на сите пратеници ќе ни треба малку едукација да знаеме како тоа функционира, да не гос тавиме надвор од употреба. Тоа ќе го направиме до Првомајските празници, а и онака пред Првомајските празници ние не можеме да закажиме редовна седница, совен ако е нештоисклучително и ако тоа го побара Владата. Но јас верувам се ќе биде норамлно и според тоа, јас ја користам можноста да и заблагодарам на Владата за проротот што ни го отстапи досега и верувам дека ќе имаме многу поблагопри-јатни услвои за работа во Новата реновирана сала.

Ви благодарам за денеска.

(Седницата заврши во 13,40 часот.)